ОДУ број 1538 /22
**ИЗВОД**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**АНА ДОЈЧИНОВСКА**
За подрачјето на основните судови
на градот Скопје
Ул.Кеј 13-ти Ноември бр.2-2, кат2, ГТЦ

Во Скопје, на 20.12.2022 (дваесетти декември две илјади и дваесет и втора) година
Во 11:00 (единаесет) часот

## НОТАРСКИ АКТ

Јас **Нотар Ана Дојчиновска** од Скопје, со службено седиште на ул. Кеј 13-ти Ноември бр. 2-2 кат 2/ГТЦ Скопје, потврдувам дека денес на 20.12.2022 (дваесетти декември две илјади и дваесет и втора) година на Покана од **Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности - Скопје**, со ЕМБС 5166241, да присуствувам на седница на Собрание на акционери на ден 20.12.2022 (дваесетти декември две илјади и дваесет и втора) година, со почеток во 11:00 (десет) часот, на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје – Гази Баба, во деловните простории на друштвото, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријат и член 384, 385, 386 и 407 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврдам Одлуки на редовното Собрание на друштвото, поради што го сочинив следниот--------------------------------
---------------------------------------------------------**ЗАПИСНИК**--------------------------------------------------
Од Седница на Собрание на акционери на **Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување изнајмување на имот и деловни активности – Скопје** ----------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието на друштвото на мое барање ми беа предочени:-----------------
Тековна состојба **на Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности - Скопје**, со седиште на ул. на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје – Гази Баба, со **ЕМБС** 5166241, издадена од Централен Регистар на РСМ на ден 20.12.2022 година, под деловоден број 0805-50/150020220326918 (прилог на овој записник).----------------------------------
Акционерска Книга на Друштвото на ден 19.12.2022 (деветнаесетти декември две илјади и дваесет и втора) година од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN: MKEKON101019 од која утврдив дека Издавачот **Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности - Скопје**, издало акции и тоа: Вид: Обични акции; номинална вредност 10,00, валута DEM, вкупен број на ХВ 535.245, номинален капитал 5.352.450,00, вкупен број на гласови 535.245, број на иматели 3.178, број на сопственички позиции 3.179 -------------------------------------------------------------------------------------

Јавен повик објавен во дневното гласило: "Слободен печат", објавен на 19-20 ноември 2022 година со кои се повикуваат акционерите да присуствуваат на собранието кое е закажано за 20.12.2022 година со следниот дневен ред (прилог на овој записник) --------------------------------
Список на присутни акционери со број на акции-прилог.-------------------------------------------------
Од наведениот список, по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционери и полномошници на акционери со вкупен број на гласови 338,666, што преставува 63,27 % од вкупниот број на гласови. ---------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата на Собранието започна во 11:05 (единаесет и пет) часот.---------------------------------
Г-ѓа Андонова Јасмина, врз основа на верификуваниот список за присуство на акционери, констатираше дека Собранието го има потребниот кворум за работа и за донесување полноважни одлуки бидејќи од вкупниот број на акции со право на глас и тоа 535.245 акции, присутни се акционери и полномошници на акционери со вкупно 338,666 гласа што претставува мнозинство од бројот на акции со право на глас и управување ------------------------
На седницата на собранието се присутни и Нотар Ана Дојчиновска ------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата ја отвори Г-ѓа Андонова Јасмина, кој за работа на Собранието го предложи на усвојување следниот------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------ **Д Н Е В Е Н  Р Е Д**------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**-----------------------------------------------------------------------------------

1. **Утврдување на кворум за работа** -----------------------------------------------------------------
2. **Избор на Претседавач на Собранието, бројачи на гласови**-------------------------------
3. **Записникот ќе го води Нотар** ------------------------------------------------------------------------

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**-----------------------------------------------------------------------------------------

1. **Донесување на Одлука за отповикување на два члена на Одборот на директори**
2. **Донесување на Одлука за избор и именување на два члена на Одборот на Директори.**-------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на Процедуралниот дел од Дневниот ред-------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**-----------------------------------------------------------------------------

1. **Утврдување на кворум за работа** -----------------------------------------------------------------
Г-ѓа Андонова Јасмина, врз основа на верификуваниот список за присуство на акционери, констатираше дека Собранието го има потребниот кворум за работа и за донесување полноважни одлуки бидејќи од вкупниот број на акции со право на глас и тоа 535.245 акции, присутни се акционери и полномошници на акционери со вкупно 338.666 гласа што претставува мнозинство од бројот на акции со право на глас и управување ------------------------

2. **Избор на Претседавач на Собранието, бројачи на гласови**----------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Г-ѓа Андонова Јасмина формално го отвори Собранието на акционери на друштвото и премина на точка 2 од Процедуралниот дел од Дневниот ред Избор на Претседавач на Собранието------------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно резултатите од гласање (231.056 гласа ЗА, против НЕМА, воздржани 107.610) Г-ѓа Андонова Јасмина, истовремено ќе ја обавува и функцијата на Претседавач на Собранието. Претседавачот на собранието раководи со работата на седницата на собранието во согласност со Законот и Статутот.------------------------------------------------------------------------

**Избор на бројачи на гласови** ---------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот истакна дека Согласно резултатите од гласање, (231.056 гласа ЗА, против НЕМА, воздржани 107.610) г-дин Динев Горан, г-дин Тони Велкоски се избрани за бројачи на гласови на ова собрание. ----------------------------------------------------------------------------------------

3. **Записникот го води Нотар** ---------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието истакна дека на оваа седница на Собранието е присутен Нотар Ана Дојчиновска од Скопје, кој ќе го води Записникот од оваа седница на Собрание, така што согласно Законот за трговски друштва кога записникот го води Нотар нема потреба од избор на заверувачи на записникот.------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на II.Работен дел---------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.Донесување на Одлука за отповикување на два члена на Одбор на директори -----------**
**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот истакна дека согласно тоа што не се одобрени работењата на членовите на Одборот на Директори и тоа за Г-н Митко Кочовски и Г-н Мартин Јованов, од страна на собранието на акционери, се предлага донесување на одлука за нивно отповикување од Одборот на директори на друштвото.

Во врска со предложената Одлука, полномошникот на МАКСТИЛ АД Скопје,адвокат Никодиновски Дарко, согласно даденото полномошно бр.25/282 од 20.12.2002 година, истакна дека предложената одлука на дневен ред за отповикување на член на Одбор на директори е спротивно на Законот за трговски друштва. Исто така побара како полномошник на акционерот МАКСТИЛ АД Скопје, побара да му се доставaт записниците од одржаните претходни седници на собрание и тоа од ден 14.11.2022 година и од 16.11.2022 година.

По неговото излагање, Претседавачот предложи посебно гласање за отпвикување на предложените членови на Одбор на директори.

Се премина на гласање за отповикување на член на Одбор на директори за Г-н Митко Кочовски. Согласно резултатите од гласање , (231.056 гласа ЗА, против 107.601, воздржани НЕМА) Собранието ја усвои Одлуката за отповикување на член на Одбор на директори за Г-н Митко Кочовски.

Се премина на гласање за отповикување на член на Одбор на директори за Г-н Мартин Јованов. Согласно резултатите од гласање , (231.056 гласа ЗА, против 107.601, воздржани НЕМА) Собранието ја усвои Одлуката за отповикување на член на Одбор на директори за Г-н Мартин Јованов. -----------------------------------------------------------------------------------

Прилог Одлука -------------------------------------------------------------------------------------------

**2. Донесување на Одлука за избор и именување на два члена на Одбор на Директори---**
**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот истакна дека се дадени три кандидатури за членови на Одбор на директори.Нивните биографии беа доставени претходно објавени до акционерите. Ке се пристапи кон нивно посебно гласање.

Како член на Одбор на Директори се предлага Г-н Андреј Бошковски, вработен во маркетинг ФБ Компани од Скопје.За овој предлог резултатите од гласање се (220.603 гласа ЗА, против 118.063, воздржани НЕМА).-----------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**

Како член на Одбор на Директори се предлага Г-ѓа Сандра Георгиевски, архитект од градежна фирма ,,Два брата градители,,.За овој предлог резултатите од гласање се (13.328 гласа ЗА, против 218.342, воздржани 106.996).
Како член на Одбор на Директори се предлага Г-н Горан Динев, актуелен комерцијален директор во Друштвото РЖ Економика.За овој предлог резултатите од гласање се (217.728 гласа ЗА, против 107.610, воздржани 13.328).
Согласно сумираните резултати од горенаведеите предложени членови, Претседавачот објави дека како нови членови на Одбор на Директори се избраа и именуваа Г-н Андреј Бошковски и Г-н Горан Динев. Исто така се напомена дека новоизбраниот член Г-н Андреј Бошковски се избира и именува како независен член на Одборот на директори.------------------
Прилог одлука ----------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата на собранието заврши во 11,50 часот.-----------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој записник лично го составив на 4 (четири) страници од 4 (четири) листа, го следев целокупниот тек на седницата на Собранието на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на прифаќање и согласност со неговата содржина своерачно го потпиша.-------------------------------------------------

Претседавач на седница на Собрание на акционери на **Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности - Скопје**, ----------------------------------------------

Андонова Јасмина С.Р.

При составувањето на овој нотарски акт-Записник се издадени изводи за потребите на **Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности - Скопје,** а изворникот се чува во архивот на нотарот.-----------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската награда по член 41 и 54 од Нотарска тарифа е пресметана во износ од 12.000,00 денари.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**ОДУ бр. 1538/22**-------------------------------------------------------------------------------------------------
Скопје, 20.12.2022 (дваесетти декември две илјади и дваесет и втора) година --------------------
Ова е прв извод идентичен со изворникот и се издава за **Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности – Скопје. ---------------------------------------------**

НОТАР
АНА ДОЈЧИНОВСКА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основниот суд на градот
НОТАР
АНА
ДОЈЧИНОВСКА
СКОПЈЕ